ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ И СЕКРЕТАР НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1 Се разрешува од должноста член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и должноста секретар на Републичкиот секретаријат за народна одбрана генерал мајор Зоран Костовски, поради одење на друга должност.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 31 август 1990 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3224/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

553.

Врз основа на точка 1 став 1 од Амандманот VI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 1 од Законот за определување на републички секретари и други функционери што раководат со републички органи на управата и со републички организации кои се именуваат од редот на членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 13/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

За републички секретар за народна одбрана се именува

д-р Ристо Дамјановски, полковник во ЈНА.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3222/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

554.

Врз основа на точка 1 став 2 на Амандманот V на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За член на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира д-р Ристо Дамјановски, полковник во ЈНА.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3223/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

555.

Врз основа на член 338 став 1 алинеја 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. Се разрешува од функцијата заменик на републичкиот секретар за односи со странство Борис Чаловски, поради именување на друга должност.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 16 септември 1990 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3221/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с р.

556.

Врз основа на член 30 став 1 од Законот за радиодифузијата („Службен весник на СРМ" број 20/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

За директор на Јавното претпријатие Радио-телевизија Скопје, се именува Тихомир Илиевски, сега-

шен вршител на должноста директор на ЈП Радиотелевизија — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3220/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

557.

Врз основа на член 11 став 2 и член 12 став 2 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници („Службен весник на СРМ" број 30/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, СЕКРЕТАР, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

За претседател, членови, секретар и нивни заменици на Републичката изборна комисија се именуваат:

За претседател:

Никола Коневски, судија на Врховниот суд на Македонија.

За негов заменик:

Кочо Хаци Лега, судија на Врховниот суд на Македонија.

За секретар:

Георгина Мицковска, сегашен секретар на Републичката изборна комисија.

За заменик на секретарот

Снежана Гушева, советник во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

За членови:

Лазар Лабачевски, пензионер од Скопје,

Евица Димовска, помошник на секретарот на Секретаријатот за законодавство на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

Бахри Исљами, постојан судија на Судот на здружениот труд на Македонија,

Агим Мифтари, судија на Окружниот суд — Скопје и

Ванчо Чучевски, виш советник во Собранието на СРМ.

За нивни заменици:

Александар Бошњаковски, судија на Окружниот суд — Скопје,

Димитар Спировски, виш советник во Собранието на СРМ,

Станка Петровска, советник во Секретаријатот за законодавство на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

Димитар Велков, секретар на Комисијата за претставки и предлози на Собранието на СРМ и

Вели Ведат, судија на Окружниот суд во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3225/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

558.

Врз основа на член 249 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 7/88, 29/88, 18/89, 29/89 и 29/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Работната организација Медицински факултет во Скопје, што се однесуваат на правата и обврските на студентите, организацијата (режимот) на студирањето, начинот и постапката за донесување на планови и програми за воспитно-образовната дејност, начинот на одлучување на претставниците на општествената заедница, издвојувањето на основната организација од работната организација, условите за избор во наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања и условите за именување на индивидуален работоводен орган, што го донесоа работниците на 9 јуни 1990 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-3279/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

559.

Врз основа на член 249 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 7/88, 29/88, 18/89, 29/89 и 29/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ООЗТ ВО РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Самоуправната спогодба за здружување на ООЗТ во Работна организација Медицински факултет — Скопје со кои се уредени прашањата поврзани со остварувањето на посебниот општествен интерес во образованието, научната и здравствената дејност на Медицинскиот факултет што ја склучија работниците на ООЗТ институти и ООЗТ Клиники на референдумот одржан на 27 декември 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-3280/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

560.

Врз основа на член 165 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 42/85, 13/86, 50/87, 27/88 и 36/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ООЗТ — КЛИНИКИ ПРИ РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА — МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на ООЗТ — Клиники при Работната организација — Медицински факултет во Скопје, што се однесуваат на дејноста на оваа организација, начинот на остварува-

ње на здравствената заштита на граѓаните, донесувањето на планови, здружувањето на средства и нивната намена, користењето на средствата, општонародната одбрана и општествената самозаштита, начинот на одлучување на претставниците на општествената заедница, издвојувањето на основната организација од работната организација и условите за именување на работоводен орган, што го донесоа работниците на референдумот одржан на 9 јуни 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-3281/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

561.

Врз основа на член 249 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 7/88, 29/88, 18/89, 29/89 и 29/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТИ ПРИ РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на ООЗТ Институти при Работната организација Медицински факултет во Скопје, кои се однесуваат на прашањата поврзани со остварувањето на посебниот општествен интерес, што го донесоа работниците на референдумот одржан на 9 јуни 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-3282/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

562.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ", бр. 5/90), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ", бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица во износ од 1.500.000 динари на Собранието на општината Прилеп.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука на општината и се дава со рок на враќање до 30 декември 1990 година.

3. За користењето и враќањето на средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу општината и републичкиот секретар за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2052/1
28 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р

563.

Врз основа на член 10 од Законот за обезбедување средства на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ", број 7/86, 45/86, 50/87, 7/88, 28/89, 36/89 и 47/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ПО КОИ ОБВРЗНИЦИТЕ ЈА ПЛАЌААТ ОБВРСКАТА СПРЕМА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА, ВО 1990 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување на стапките по кои обврзниците ја плаќаат обврската спрема Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година, во 1990 година („Службен весник на СРМ", бр. 22/90 и 26/90), во точка 1, став 1, во уводната реченица стапката „3,8%" се заменува со стапката „0,19%"; во алинеја 1 стапката „4,5%" се заменува со стапката „0,22%"; во алинеја 2 стапката „3,4%" се заменува со стапката „0,17%"; во алинеја 3 стапката „2,7%" се заменува со стапката „0,13%"; во алинеја 4 стапката „2,2%" се заменува со стапката „0,11%"; во алинеја 5 стапката „2,0%" се заменува со стапката „0,10%"; во алинеја 6 стапката „1,9%" се заменува со стапката „0,09%"; во алинеја 7 стапката „1,0%" се заменува со стапката „0,05%".

Во ставот 2 стапката „3,8%" се заменува со стапката „0,19%"

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 октомври 1990 година.

Бр. 23-2074/1
27 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

564.

Врз основа на член 19, став 5 од Законот за заемот за вработување („Службен весник на СРМ", бр. 46/86, 1/87, 24/88, 51/88, 18/89, 36/89 и 12/90). Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОГРАМИ

1. Дел од средствата што се формираат на име камата на неискористените средства од заемот за вработување, во висина од 2.957,000 динари ќе се користи за изработка на инвестициони програми, преку Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1946/1
27 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

230.

Врз основа на член 31 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89 и 19/90) и член 45 од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 17 септември 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ЗА АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ И ЈУЛИ 1990 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии, минималните земјоделски старосни и семејни пензии, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварена во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација или соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привременото надоместок до вработување на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој, се усогласуваат со движењето на личните доходи во Републиката во тековниот во однос на претходниот месец и тоа:

— за март	за 4,60 насто,
— за април	за 1,48 насто,
— за мај	за 2.21 насто,
— за јуни	за 0,24 насто,
— за јули	за 8,66 насто,

односно за март во однос на декември 31,67 насто, за април 29,73 насто, за мај 32,59 насто, за јуни 32,92 насто и за јули 44,43 насто.

Член 2

Усогласувањето на пензиите за месец април од член 1 алинеја 2 на оваа одлука ќе се исплати со наредната месечна исплата, а процентите за усогласување на пензиите за месеците март, мај, јуни и јули ќе се исплати како разлика.

Член 3

Пензиите за месец септември се усогласуваат за 8,66 насто според порастот на личните доходи во Републиката во јули во однос на јуни.

Усогласувањето од став 1 на овој член ќе се исплати како зголемување на достигнатото ниво на пензија на 1 јуни 1990 година. За месеците јули и август ќе се исплати разлика за 8,66 насто.

Основа за усогласување од став 1 на овој член е достигнатото месечно ниво на пензиите усогласени според член 1 алинеја четврта на оваа одлука.

Член 4

На учесниците од НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 и 3 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија како достигнато месечно ниво на 1 март 1990 година.

Член 5

Усогласувањето од член 1 и 3 на оваа одлука припаѓа и на највисоките пензии.

Член 6

При постоење на повеќе корисници на семејна пензија по едно решение се сметаат како еден корисник кога се работи за усогласување на пензијата според оваа одлука.

Член 7

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 09-3605
17 септември 1990 година
Скопје

Претседател,
Никола Илиоски, с. р.

231.

Врз основа на член 148, точка 8 и 16 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 3 октомври 1990 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИПОЈУВАЊЕ НА РАБОТНАТА ЗАЕДНИЦА — ЦЕНТАР ЗА АВТОМАТСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ КОН РАБОТНАТА ЗАЕДНИЦА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Работната заедница — Центар за автоматска обработка на податоци на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се припојува кон Работната заедница на Стручната служба на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 2

До донесувањето на новиот акт за основите на организацијата на Стручната служба на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Стручна служба на Заедницата) работите од автоматската обработка на податоци ќе се извршуваат во Центарот за автоматска обработка на податоци како организациона целина во рамките на Работната заедница на Стручната служба на Заедницата.

Член 3

До донесувањето на новиот акт за основите за организацијата на Стручната служба на Заедницата со работата на Центарот за автоматска обработка на податоци (во натамошниот текст: Центар за АОП) ќе раководи секретарот на Собранието на Заедницата.

За непосредно извршување на одделни задачи од став 1 на овој член секретарот на Собранието на Заедницата може да овласти други работници од Стручната служба на Заедницата.

Член 4

Стручната служба на Заедницата во целост ги презема сите права, обврски, договори и спогодби на Работната заедница — Центар за АОП.

Член 5

Основните и другите средства отстапени на користење на Работната заедница — Центар за АОП преоѓаат во материјалното и финансиското сметководство на Заедницата.

Член 6

До донесувањето на новиот акт за основите на организацијата на Стручната служба на Заедницата и другите акти, работниците на Центарот за АОП правото на личен доход и другите права од работните односи ќе ги остваруваат врз основа на соодветните акти на Работната заедница — Центар за АОП.

Директорот и другите раководни работници на Центарот за АОП со решение на секретарот на Собранието на Заедницата ќе бидат распоредени на задачи и работи во Стручната служба на Заедницата што се соодветни на степенот на нивната стручна квалификација, со претходно мислење на Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 7

Со стапувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за основање Работна заедница — Центар за автоматска обработка на податоци бр. 02-2746/1 од 22. 09. 1988 година („Службен весник на СРМ" бр. 38/88) и одредбите од Одлуката за основите на организацијата на Стручната служба на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за извршување на работите од пензиското и инвалидското осигурување бр. 15-1871/1 од 29. 06. 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 28/89), што се во спротивност со оваа одлука.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-3782
3 октомври 1990 година
Скопје

Претседател,
Олгица Богатиноска, с. р.

Oiласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Нада Ербежник од Скопје, ул. „Мацари II" бр. 13, нас. Мацари, против тужениот Андреја Ербежник од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Андреја Ербежник да се јави во овој суд во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот или, пак, во истиот рок да ја достави својата сегашна точна адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, III П. бр. 2314/90. (203)

ВОЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Воениот суд во Скопје е поведена парнична постапка за надомест на штета во износ од 550,97 динари, по тужбата на тужителката Федерација СФРЈ — Воена пошта 5573/27 — Скопје против тужениот Иво Џојо од с. Боровица, општина Вареш, СР Босна и Херцеговина.

На тужениот Иво Џојо за привремен застапник му се поставува Милан Трбогазов, потполковник на служба во Воена пошта 3755 — Скопје, кој ќе го застапува сè до правосилното окончување на постапката или додека тужениот Иво Џојо не се појави пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Воениот суд во Скопје, I П. бр. 28/88 (201)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за надомест на штета по тужбата на тужителот ЗОИЛ „Македонија" — Филијала — Тетово, против тужениот Бејтулаи Абиљ од Тетово ул. „Љубо Божиновски — Пит" бр. 119, сега со непозната адреса во Швајцарија. Вредност на спорот 19.480,50 динари

Се повикува тужениот Бејтулаи Абиљ од Тетово, да се јави во овој суд во рок од 15 дена, постави свој полномошник или да ја достави сегашната точна адреса на живеење. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот по службена должност ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1246/90.

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Исмани Селадин од с. Челопек, против тужената Исмани Хазбије од с. Челопек, сега на привремена работа во Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужената Исмани Хазбије од с. Челопек да се јави во овој суд во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас и да постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе ѝ постави привремен старател кој ќе ги штити нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1241/90.

Пред овој суд се води спор за утврдување на правото на сезонска службеност по тужбата на тужителите Шахини Вејсел и Сулејмани Разије од с. Ѓермо против тужените Јакупи Фекри, Тахири Хајрије, Ќаили Безеле, Османи Ејуп и Османи Осман, сите од село Ѓермо.

Се повикува тужениот Јакупи Фекри од с. Ѓермо, моментално на привремена работа во СР Германија, со непозната адреса, да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена сметано од денот на објавувањето на огласот или да одреди свој полномошник. Во спротивно, ќе му се одреди привремен старател преку Центарот за социјални работи — Тетово кој ќе го застапува сè до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 810/90.

РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 235/90 од 29. XII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1361-24-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот на Основната заедница согласно Законот за измени и дополненија на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со следните податоци: Се запишува престанокот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц. О. Скопје, ул. „12 Ударна бригада" бр. 2 — Основна заедница — Македонски Брод, согласно Законот за измени и дополненија на Законот за пензиското и инвалидското осигурување. („Службен весник на СРМ" бр. 4/89).

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 235/90. (148)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 557/90 од 23. II. 1990 година, на регистарска влошка бр. 3-1361-23-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот на Основната заедница, со следните податоци: Се запишува престанокот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Ц. О., ул. „12 Ударна бригада" бр. 2 — Основна заедница — Крушево, согласно Законот за измени и дополненија

на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 4/89).

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 557/90. (149)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 3259/90 од 26. VI. 1990 година, на регистарска влошка бр. 1-393-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Браќа Миладиновци", со. ц. о., Куманово, ул. „Народна Револуција" бр. 43, со следните податоци: Досегашниот застапник Надица Ангеловска, директор, без ограничување, се брише, а се запишува новиот застапник, Мите Митевски, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 3259/90. (150)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 2946/90 од 20. VII. 1990 година, на регистарска влошка бр. 1-2768-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста во внатрешниот промет на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје, Р. О. — Земјоделски институт, Ц. О., Скопје, Булевар „Едвард Кардељ" бб, со следните податоци: Дејноста во внатрешниот промет се проширува со: 020110 — полјоделство; 020140 — сточарство; 020201 — земјоделски услуги за растително производство; 020202 — земјоделски услуги во сточарство; 020302 — рибарство, на реки, езера и други видови; 070112 — зеленчук, овошје и преработки; 070113 — месо, живина, риба и месни преработки; 070114 — разни животни продукти, алкохолни пијалаци и производи за домашни потреби; 070211 — жита и мелнички производи; 070212 — зеленчук, овошје и преработки; 070213 — алкохолни пијалаци; 070214 — добиток и живина; 070219 — разни животни продукти и производи за домашни потреби; 110403 — друго проектирање; 120203 — земјоделски науки; 110901 — услуги на контрола на квалитетот и квантитетот на стоки; 013113 — производство на вино; 013114 — производство на вински дестилат, вињак и ракија од грозје и вино; 013115 — производство на ракија од овошје; 020129 — производство на овошен саден материјал; 020131 — производство на грозје; 020139 — производство на лозов саден материјал; 020121 — производство на овошје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 2946/90. (151)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 2236/89 од 29. XII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-2076-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, културата, и физичката култура — Тетово. Се брише досегашниот застапник Трпковски Кирко, секретар, без ограничување, а се запишува новиот застапник м-р Живка Митовска, секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 2236/89. (152)

Окружниот стопански суд, во Скопје, со решението Срег. бр. 3581/90 од 13. VII. 1990 година, на регистарска влошка бр. 1-803-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Вук Караџиќ", Ц. О., Куманово ул. „Вук Караџиќ" бб. со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Илија Ѓукиќ директор, а се запишува новиот застапник Војислав Опасиќ, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 3581/90. (127)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 2169 од 29. XII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1433-0-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот на Општинската самоуправна интересна заедница со следните податоци: Се запишува престанокот на Општинската самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — Македонски Брод, со Ц. О., согласно Законот за измени и дополненија на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 2169/89. (129)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решение Срег. бр. 3155 од 11. VII. 1990 година на регистарска влошка бр. 2-1054-0-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето поради присоединување на една задруга кон друга со следните податоци: бришење поради присоединување на Градежно молеро-фарбарска занаетчиска задруга „Ново Скопје", Р. О., Скопје, ул. „Мариовска" бб кон Градежно занаетчиска задруга „Солидност", Р. О. Скопје ул. „Мито Хаџивасилев-Јасмин" бр. 26, кула 8.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 315/90. (130)

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следните загубени документи:

Воена книшка на име Алија Мереим, с. Гургурница, Тетово. (2810)

Работна книшка на име Илко Кочовски, Тетово.

Работна книшка на име Абдулбари Јашари, Тетово. (2812)

Работна книшка на име Димче Буџакоски, Охрид.

Воена книшка на име Ќатип Фејзули, Тетово.

Воена книшка на име Шабан Мустафи, с. Глоѓи, Тетово. (2843)

Тековна сметка бр. 725—43, издадена од Стопанска банка — Кочани на име Чедо Иванов, ул. „4 Јули" бр. 47, Кочани. (2844)

Тековна сметка бр. 423/38 на име Димче Минов, ул. „Кеј на Револуцијата" бр. 15, Кочани. (2845)

Воена книшка на име Сами Арифи, Куманово.

Воена книшка на име Музафер Зибери, ул. „Полог" бр. 45, Тетово. (2856)

Тековна сметка бр. 3127/69 на име Јане Георгиев, ул. „117" бр. 11, Кочани. (2857)

Тековна сметка на име Томе Каракапелиев, Радовиш. (2858)

Чекови бр. 4609788, 4609789 и 460990 од тековна сметка, издадени од Југобанка — Скопје на име Томислав Маниќ, Скопје. (2859)

Работна книшка на име Исмет Мустафи, Куманово. (2875)

Работна книшка на име Владо Јовановски, Куманово. (2876)

Воена книшка на име Африм Садики, с. Боговиње, Тетово. (2877)

Воена книшка на име Сулејман Рушити, с. Боговиње, Тетово. (2878)

Сообраќајна дозвола на име Александар Булигазов, ул. „С. Горгиев" бр. 26, Штип. (2879)

Возачка дозвола на име Александар Булигазов, ул. „С. Горгиев" бр. 26, Штип. (2880)

Тековна сметка — чековна карта бр. 91658-85 и чекови бр. 31667996 до 31668000 (5) издадени од Стопанска банка — Основна банка — Скопје на име Јаглика Илиевска, Скопје. (2881)

Сервисна книшка за кола „Југо корал — 45" рег. бр. Ох 902-30, издадени од „Застапи — Промет" — Скопје на име Стојан Апостоловски, булевар „Револуција" бр. 1/9, Охрид. (2888)

Сервисна книшка бр. 266065, издадена од „Аутомакедонија" — Скопје на име Митко Николовски, Скопје. (2890)

Работна книшка на име Момир Јакупи, Тетово

Работна книшка на име Светлана Михајлова, Штип. (2910)

Тековна сметка — картица бр. 57610-93 и чекови од бр. 35671011 до 35671020 (10 чека) и од бр. 3619878 до 36198790 (10 чека), издадени од Стопанска банка — Основна банка — Скопје на име Ергјул Газа, ул. „Иван Мишковиќ бр. 2, Скопје. (2911)

Отпусница за одлежана казна затвор, издадена од Истражниот затвор во Скопје, нас. Шуто Оризари на име Шериф Рамадановски, с. Цветово, Скопје.

Воена книшка на име Селам Адеми, с. Отља, Куманово. (2930)

Работна книшка на име Манасија Стојановиќ, Куманово. (2931)

Тековна сметка бр. 80710 1550 18067 и чекови бр. 334586, 4556666, 4556670, 3345870, 4556667, 4556671, 3007438. 4556663, 4556668, 3007439, 4556664, 4556669 4556674, 4523714, 4523718, 4523711, 4523715, 4523719 4556672, 4523712, 4523716, 4556673, 4523713, 4523717, 4523722, 4523730, 4523724, 4523720, 4523726, 4523726, 4523721, 4523728, издадени од „Југобанка" — Скопје на име Спасова Бранка ул. „Јане Сандански" бр. 62 влез I ст. 2, Скопје. (2943)

Чековна книшка бр. 40100-670-21-840-8071-5600/22 и чекови од бр. 4346301 до 4346320, издадени од Љубљанска банка — Основна банка — Скопје на име Зоран Боцевски, ул. „Михаил Глинка" бр. 11-б, Скопје. (2944)

Работна книшка на име Дервиш Дервиши, Гостивар. (2955)

Работна книшка на име Глигор Николовски Кочани. (2956)

Работна книшка на име Николина Јанкоска, Кочани. (2957)

Работна книшка на име Војо Николоски, Гостивар. (2973)

Тековна сметка бр. 1510/36 и чекови од бр 5929054 до 5929060 на име Никола Тодоров, ул. „Никола Вапцаров" бр. 10-2-4/4, Кочани. (2974)

Чековна сметка на име Нецат Фазлиевиќ, ул „29 Ноември" бр. 30, Радовиш. (2975)

Чековна карта бр. 916/45 и чекови од бр. 1560 1564 до 15601580, издадени од Стопанска банка А. Д. — Скопје — Филијала — Струга на име Томе Јанчески, ул. „Крум Точко" бр. 28, Охрид. (2994)

Работна книшка на име Ејуп Селими, Тетово.

Работна книшка на име Месут Алими, Гостивар

Работна книшка на име Ќамил Мифтари, Тетово

Воена книшка на име Раде Боровчаноски, с. Враниште, Струга. (3023)

Воена книшка на име Сулејман Мустафи, Тетово

Тековна сметка на име Димитрија Бошнаков, ул. „В. Влаховиќ" бр. 4-а/6, Радовиш. (3027)

Одобрение за лимарски дуќан „Нов живот" У. П. бр. 14-588/1 од 13. VII. 1972 год., издадено од Собрание на град Скопје на име Новица Стојановски, Скопје. (3028)

Диплома (свидетелство) за завршено средно образование, издадена од УС „Стив Наумов" — Ресен на име Чукалева Милка, ул. „Борис Кидрич" бр. 2, Ресен. (3029)

Решение бр. 11-755 од 6. II. 1990 год. за вршење на превоз на патници, издадено од СО — Чаир — Скопје на име Али Исмет, бул „Македонско-Косовска бригада" бр. 40/22, Скопје. (3041)

Свидетелство од I година, издадено од СНУ „Наце Буѓони", Куманово на име Муртезан Нуредини, ул. „Димитрије Туцовиќ" бр. 22, Куманово. (3044)

Работна книшка на име Радослав Стојановиќ, Куманово. (3057)

Пасош на име Џезаир Исмани, с. Желино, Тетово. (3058)

Работна книшка на име Нецби Заими, Гостивар

Тековна сметка бр. 345-68 и чекови бр. А 1569 5139 и 15695140 и од бр. А 15695151 до А 15695160, издадени од Стопанска банка — Основна банка — Струга на име Радован Стојкоски, Скопје. (3075)

Тековна сметка бр. 20773 и чекови бр. 4958404, 4998405 и 4998410, издадени од „Југобанка" — Скопје на име Мариновски Бранислав ул. „Ѓуро Стругар" бр. 1/II/7, Скопје. (3077)

Одобрение за самостоен дуќан за текстил и конфекција У. П. бр. 14-773 од 22. II. 1989 год., издадено од СО — Карпош — Скопје на име Бодаровски Ванчо, ул. „Хо Ши Мин" бр. 30, Скопје. (3078)

Решение за упис на дуќан во регистарот УП. бр. 14-1322 од 2. III. 1990 год. издадено од СО — Карпош — Скопје на име Пота Владимир, ул. „Партизанска" бр. 65, Скопје. (3079)

Решение бр. 11-413 од 18. I. 1990 за превоз на патници, издадено од СО — Чаир — Скопје на име Рефет Имер, Скопје. (3080)

Работна книшка на име Мијалчо Бочваровски, Ресен. (3082)

Работна книшка на име Сулејман Адеми, Тетово.

Работна книшка на име Војо Лазаров, Виница.

Тековна сметка бр. 1550019489 и чекови од бр. 4884871 до 4884880, издадени од Југобанка — Скопје на име Христо Папеш, ул. „Партизанска" бр. 13/I-4, Скопје. (3109)

Работна книшка на име Зепо Далип, Охрид.

Работна книшка на име Зија Селе, ул. „27 Март" бр. 50, Струга. (3111)

Работна книшка на име Благуна Пауноска, Охрид. (3119)

Работна книшка на име Звонко Јоцевски, Куманово. (3148)

Лична карта бр. 65933 — издадена од СВР — Тетово на име Исмаил Селмани, с. Велебрдо, Гостивар. (3151)

Возачка дозвола, издадена од ОВР — Гостивар на име Исмаил Селмани, с. Велебрдо, Гостивар

Решение за вршење на папучарска дејност, издадено од СО — Центар — Скопје на име Азем Љамолари, Скопје. (3153)

Работна книшка на име Исуф Арифи, Куманово.

Работна книшка на име Нухија Рукије, Куманово.

Работна книшка на име Петар Нацев, Кочани.

Работна книшка на име Миневер Арифоски, с. Лабуништа, Струга. (3159)

Воена книшка на име Џенгис Шаини, ул. „Р. Крле" бр. II/3-13, Струга. (3160)

Одобрение за работа на шалтерско продавање на алкохолни и безалкохолни пијалаци У. П 3065 од 7. V. 1990, издадено од СО — Карпош — Скопје на име Трајковски Ацо, ул. „Панајот Гиновски" бр 5-а, Скопје. (3174)

Чек бр. 4906474 од тековна сметка 1550 0035-8, издаден од „Југобанка" — Скопје на име Нетковска Снежана, ул. „Трифун Хаџи Јонев" бр. 5/1, Скопје

Девизна штедна книшка бр. 4000-03-03555-5, издадена од Инвест банка — Деловна единица — Скопје на име Димитар Фунду, Скопје. (3176)

Работна книшка на име Диме Атанасов, Радовиш

Свидетелство за VIII одделение на име Харун Хусеини, Гостивар (584)

Свидетелство за V одделение на име Миросав Трифуноски, Гостивар. (586)

Свидетелство на име Валентина Ѓорѓиева, Штип

Диплома на име Суза Алексова, Штип. (588)

Свидетелство за VIII одделение на име Леонид Нацев, Штип (589)

Свидетелство на име Димитар Ѓорѓиев, Берово

Свидетелство на име Ѓоко Димитровски, Делчево

Свидетелство на име Аки Акиев, Кочани. (593)

Свидетелство на име Руса Николова, Радовиш

Ученичка книшка за VI одделение на име Бобан Петровски, Скопје. (595)

Работна книшка на име Назми Адемовски, Скопје

Свидетелство на име Жарко Десподов, Прилеп.

Свидетелство за VIII одделение на име Синиша Малкодиоски, Прилеп. (598)

Свидетелство за II година на име Горан Ристовски, Куманово. (599)

Свидетелство за VIII одделение на име Петрова Македонка, с. Виничани, Титов Велес. (603)

Свидетелство за I година на име Сузана Симитчиева, Неготино. (604)

Свидетелства од I до VII одделение на име Надица Крстеска, Тетово. (605)

Свидетелство за VII одделение на име Хусо Османи, Тетово. (607)
Свидетелство за VIII одделение на име Панче Ефремов, Штип. (609)
Свидетелство на име Ристо Ефтимов, Радовиш.
Работна книшка на име Бошко Митковски, Скопје. (614)
Работна книшка на име Бобан Илиевски, Скопје.
Воена книшка на име Решид Муратовиќ, с. С. Коњари, Скопје. (616)
Работна книшка на име Петар Трајковски, Скопје.
Свидетелство на име Светлана Јонческа, Прилеп.
Свидетелство на име Асан Цанески, Прилеп.
Диплома на име Веби Шаќири, Куманово. (622)
Книшка на име Насуф Бизати, Струга. (625)
Книшка на име Сафет Авмедоски, Македонски Брод. (626)
Ученичка книшка за I одделение на име Зиберoски Саткија, с. Пласница, Македонски Брод. (627)
Свидетелство на име Светлана Цветковска, Титов Велес. (628)
Свидетелство на име Кире Анастасов, Тетово.
Свидетелство на име Коста Силјановски, Тетово.
Свидетелство на име Миодраг Ристоски, Тетово.
Свидетелство на име Ацо Василевски, Тетово.
Диплома на име Ќенан Кадриу, Гостивар. (634)
Свидетелства на име Родна Талева, Штип. (635)
Свидетелство на име Лида Николова, Кочани.
Свидетелство на име Васе Ташков, Радовиш. (637)
Работна книшка на име Будимир Крциќ, Скопје.
Свидетелство за завршено средно образование на име Сами Амети, Куманово. (640)
Работна книшка на име Шаип Љутвијевски, Скопје. (641)
Свидетелство на име Ѓорѓија Тасески, Прилеп.
Свидетелство за IV одделение на име Сарафилоска Стојка, с. Звечан, Македонски Брод. (644)
Свидетелство за IV одделение на име Ѓоре Јордановски, Титов Велес. (645)
Свидетелства за I и II година на име Шаќир Ибраими, Тетово. (646)
Свидетелство за IV одделение на име Надире Ракипи, Тетово. (648)
Свидетелство за I година на име Осман Арифи, Тетово. (649)
Свидетелство на име Ерцан Чулези, Гостивар.
Ученичка книшка на име Атанас Ѓорѓески, Гостивар. (651)
Диплома на име Бесник Идризи, Гостивар. (652)
Свидетелство на име Шпеди Јашари, Гостивар
Свидетелство на име Атиља Незири, Гостивар.
Свидетелство на име Константин Рунтевски, Штип
Свидетелство на име Мице Гогов, Штип. (656)
Работна книшка на име Јадранка Ристиќ, Скопје.
Работна книшка на име Милан Момировски, Скопје. (658)
Воена книшка на име Миле Анакиев, Скопје
Воена книшка на име Фадиљ Бахтијари, Скопје
Свидетелство за III година на име Иванова Сузана, Кавадарци. (663)
Свидетелство за IV година и IV степен на име Жарко Биковски, Прилеп. (664)
Свидетелство на име Ризван Тасиќ, Крушево.
Свидетелство на име Горица Кочовска, Титов Велес. (666)
Свидетелство на име Војдан Ајдини, Тетово.
Свидетелство на име Јусуф Адили, Тетово. (669)
Свидетелство на име Даниела Томоска, Тетово.
Свидетелство на име Хава Амети, Тетово. (671)
Свидетелства од V до VII одделение на име Рамадан Лимани, Тетово. (672)
Свидетелство на име Насир Ејупи, Гостивар
Свидетелство за VIII одделение на име Јонузи Сијат, с. Неготино, Гостивар. (675)
Свидетелство на име Елмаз Адили, Гостивар. (677)
Свидетелство за IV одделение на име Алија Беќир, Гостивар. (678)
Свидетелство на име Трајко Станков, Штип (679)
Свидетелство на име Никица Клинчарски, Берово. (680)
Свидетелство на име Данчо Митев, Радовиш.
Работна книшка на име Томаш Кацановски, Скопје. (682)
Работна книшка на име Сафије Рамадани, Скопје.
Книшка на име Благоја Тасевски, Виница. (684)
Свидетелство за III клас на име Шилинкоски Марјан. (685)
Свидетелство за VIII одделение на име Ангелески Гоце, Прилеп (686)
Свидетелства од I до III година на име Нада Талова, Прилеп. (687)
Свидетелство на име Саден Татиќ, Крушево (688)
Свидетелство на име Ризо, Ахметовиќ, Крушево.
Свидетелство на име Рамо Татиќ, Крушево. (690)
Свидетелство за I година на име Милена Филиповиќ, Куманово. (691)
Свидетелство за VIII одделение на име Митаноска Виолета, с. Тополница, Македонски Брод. (695)
Свидетелство за VI одделение на име Петковски Спасе, с. Теово, Титов Велес. (696)
Свидетелство на име Фарук Адеми, Тетово. (697)
Свидетелство на име Ицет Скендери, Тетово.
Свидетелство за VIII одделение на име Зенуни Зејнула, Гостивар. (699)
Свидетелство на име Сабедин Садики, Гостивар.
Свидетелство на име Шерафедин Хасипи, Гостивар. (701)
Свидетелство на име Миралим Демири, Гостивар.
Свидетелство на име Шевал Шаипи, Гостивар.
Свидетелство на име Тахир Зекири, Гостивар.
Свидетелство на име Таип Зекири, Гостивар.
Свидетелство на име Кујдесип Ќахили, Гостивар.
Свидетелство на име Цулае Ахмети, Гостивар.
Свидетелства од I до IV година и диплома на име Тони Николоски, Штип. (708)

ТАРИФА

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАСИ И АКТИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ“

1. — СУДСКИ ОГЛАСИ: бракоразводни парници, оставински расправи, повикување на наследници со непознато место на живеење и сл. — 180,00 динари;

2. — Јавни наддавања и конкурси — 9,00 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;

3. — Запишување во судскиот регистар на организациите на здружен труд — 72,00 динари за еден ред чукан на машина;

4. — Ликвидации и санации на работните организации — 9,00 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;

5. — Огласување за неважни: печати и штембили — 9,00 динари од збор;

6. — Огласување за неважни: тековни книшки, полиси, гарантни и кредитни писма, сервисни книшки — 90,00 динари;

7. — Меници, барирани чекови и акцептни налози — 180,00 динари;

8. — МАЛИ ОГЛАСИ: објавување за неважни: работни книшки, ученички книшки, свидетелства, воени книшки, ловечки исправи, оружен лист и други лични документи — 60,00 динари;

9. — Објавување акти на самоуправните интересни заедници и на работните организации — 1.300,00 од една страница;

10. — Регистрации на занаетчиски дуќани и работилници и престанок со работа на занаетчиските дуќани — 90,00 динари.

За да се објави оглас од точка 1, 5, 6, 7, 8 и 10 во „Службен весник на СРМ“, парите треба да се испраќаат однапред на жиро сметка 40100-603-12498, а за другите видови огласи плаќањето ќе се врши по доставување на сметка во законски рок.

Оваа тарифа влегува во сила веднаш, ќе се применува од 8. X. 1990 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

ОБЈАВИ

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82, 11/87, 24/88 и 10/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на претседател на Окружниот суд во Битола

Се повикуваат заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 74 од Законот за редовните судови, пријави со биографски податоци за движењето во работата и другите активности да поднесат до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Комисија за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ

Врз основа на член 26-а од Законот за данокот од доходот („Службен весник на СРМ", број 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89, 26/89, 36/89, 43/89, 47/89, 4/90, 5/90, 15/90 и 23/90), Републичкиот завод за статистика го утврдува и го објавува

ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 1990 ГОДИНА

Кумулативниот пораст на цените на мало во периодот јули-септември 1990 година во однос на просечните цени на мало во првото полугодие од 1990 година изнесува 10,6%.

Заменик на директорот
на Републичкиот завод
за статистика,
Владимир Тевдовски, с. р

Врз основа на член 175 став 3 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 12/87, 34/87, 50/88, 7/89, 18/89, 46/89, 4/90 и 15/90), Републичкиот завод за статистика го утврдува и објавува

ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 1990 ГОДИНА

Кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во периодот јануари-септември 1990 година во однос на просечните цени на мало во 1989 година изнесува 566,8%.

Заменик на директорот
на Републичкиот завод
за статистика,
Владимир Тевдовски, с. р

СОДРЖИНА

Страна

544. Одлука за именување претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии за избор на пратеници во Собранието на СРМ — — — — 549
545. Одлука за давање согласност на Одлуката на Работничкиот совет на Јавното претпријатие за поштенски, телефонски и телеграфски сообраќај „Македонија" — Скопје, за именување на директор — — 569
546. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Економскиот факултет во Прилеп — — — — — — — — — — 570
547. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Институтот за социолошки и политичко-правни стражувања — Скопје — — — 570
548. Одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган — управник на ООЗТ Национален парк „Галичица" — Охрид — — — — 570
549. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Собранието и во Советот на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје — — 570
550. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Јавното претпријатие „Радио-телевизија" — Скопје — — — — — 571
551. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на РО за производство на филмови „Вардар-филм" — Скопје — — — — — 572
552. Одлука за разрешување од должноста член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и секретар на Републичкиот секретаријат за народна одбрана — — — 572
553. Одлука за именување републички секретар за народна одбрана — — — — — — 572
554. Одлука за избор на член на Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — 572
555. Одлука за разрешување заменик на републичкиот секретар за односи со странство — — — — — — — — — — 572
556. Одлука за именување директор на Јавното претпријатие „Радио-телевизија" — Скопје — — — — — — — — — 572
557. Одлука за именување претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката изборна комисија — — — — 573
558. Одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација Медицински факултет во Скопје — — — — — — 573
559. Одлука за давање согласност на Самоуправната спогодба за здружување на ООЗТ во Работна организација Медицински факултет — Скопје — — — — — — — 573
560. Одлука за давање согласност на Статутот на ООЗТ Клиники при Работната организација Медицински факултет во Скопје 573
561. Одлука за давање согласност на Статутот на ООЗТ Институти при Работната организација Медицински факултет во Скопје — — — — — — — — — — 574
562. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија 574
563. Одлука за определување на делот на средствата за изработка на инвестициони програми — — — — — — — — — 574
564. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стапките по кои обврзниците ја плаќаат обврската спрема Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година, во 1990 година — — — — — — — — 574

Општи акти на самоуправните интересни заедници

СКОПЈЕ

230. Одлука за усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката за април, мај, јуни и јули 1990 година 575
231. Одлука за припојување на РЗ Центар за автоматска обработка на податоци кон РЗ на Стручната служба на СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — — — — — — — — — 575

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓорѓов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах. 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев" — Скопје